ЧС/ЕВ

**Subject:** Известување и барање
**From:** ler@svetinikole.gov.mk
**Date:** 15.10.2014 14:34
**To:** ukim@ukim.edu.mk

17.10.14

Почитувани
за потребите на проектот „Кампања за вработување на 5 најдобри студенти од Вардарскиот плански регион" поточно за активноста мапирање на најдобрите студенти од регионот,би ве замолиле доколку имате Алумини клуб или сл. бараме доколку сте во можност да ни доставете информации за студенти со просек над 8,5 - апсолвенти или завршени во последните 5 години со податоци за нивното име и презиме контакт телефон како и град од којшто доаѓаат(или доколку е можно да се исфилтрираат само оние коишто доаѓаат од градовите членики на Вардарскиот плански регион), да ни ги доставите до крајот на неделата односно до 19.10.2014 г. како би можеле поединечно да ги информираме за самата кампања и да ги повикаме за активно учество.

Во прилог на овој мејл ви доставувам и електронска верзија од самиот јавен повик

Срдечни поздрави

Арсов Ивица

Одделение за ЛЕР

Општина Свети Николе
077/725-668

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
СКОПЈЕ

| Примено: | 17-10-2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 20 | 584/14 | | |

—Attachments:

najstudenti.pdf 27 bytes

## ЈАВЕН ПОВИК

## ЗА АПСОЛВЕНТИ И ДИПЛОМИРАНИ НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА, СО ВИСОК ПРОСЕК

Центарот за развој на Вардарски плански регион започнува со имплемнтација на прокетот ***"Кампања за вработување на 5 најдобри студенти од Вардарски плански регион во претпријатија од Регионот***" кој е финансиски поддржан од Програмата за развој на ОН- УНДП во рамки на проектот "Мрежа за инклузивен развој на Вардарски плански регион".

Во рамки на организирањето на оваа кампања се врши мапирање на најдобрите студенти – апсоловенти или дипломирани невработени лица со кои ќе биде спроведена една работилница и серија на креативни сесии (мин. 3) за кодизајнирање на кампањата за вработување на 5 најдобри студенти од регионот во претпријатијата од регионот.

На лицата кои што ќе се пријават и ќе ги исполнуваат условите (висок просек во текот на студирањето) ќе им биде извршена обука за зајакнување на нивните капацитети за успешно промовирање пред потенцијалните работодавачи.

**Кандидатите треба да ги исполнуваат следните услови:**

- да е жител на некоја од Општините од Вардарски плански регион (Велес, Кавадарци, Неготино, Чашка, Градско, Росоман, Демир Капија, Свети Николе и Лозово );
- да има просечен успех во текот на целото студирање од најмалку 8,5.

**За аплицирање треба да се достави:**

- уверение за положени испити издадено од факултетот;

Во прилог на уверението потребно е да се достават контакт податоци односно телефонски број и е-маил адреса.

Документите се доставуваат до Центарот за развој на Вардарски плански регион на адреса Панко Брашнар бр.1 Велес или скенирани на следната е-маил адреса adriana.nesova@vardarregion.gov.mk

Центар за развој
на Вардарски плански регион

Раководител
Марко Колев